Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 27.12.2022

На 26.12.2022 во 08.30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Попова Шапка го лишиле од слобода Ш.А.(67) тетовско Расадиште. Тој се барал врз основа на Наредба од Основен суд Тетово за издржување затворска казна. Лицето беше спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 26.12.2022 во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп го лишиле од слобода Х.П.(19) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе стебла од растението канабис и гранки од растението канабис. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 26.12.2022 во 12.15 часот на Градскиот плоштад во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Б.А.(47) од Тетово, затоа што кај него биле пронајдени разновидни пиротехнички средства. По документирање на случајот против него ќе следи и соодветен поднесок по член 69 став 1 од Законот за заштита од експлозивни материи.

На 26.12.2022 во 14.55 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.А.(18) и Е.Е.(19), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2022 во 20.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2022 од ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од Криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Џ.М.(35) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2022 во периодот од 01.15 до 02.30 часот во угостителски објект во гостиварско Врашчиште била спроведена акциска контрола, при што полициски службеници од Полициското одделение Галате привеле пет странски државјани: Д.Ч.(33), С.Р.(30) и Д.З.(36) од Република Албанија, Ф.О.(30) од Република Косово и С.З.(52) од Република Србија. Тие биле приведени поради злоупотреба на туристички престо и постапување спротивно на целта. Странските државјани биле задржани во полициска станица за понатамошни постапка.

На 26.12.2022 во 21.40 часот во тетовска Брвеница, поради илегален влез во нашата земја, бил приведен Р.Л.(25) од Република Албанија. По извршени проверки било утврдено дека лицето имало забрана за влез во државата, по што е задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (26.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 311 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 178 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 133 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 124 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина седум санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за нерегистрирани возила, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 26.12.2022, во периодот од 11.00 до 15.00 часот, на тетовско-гостиварското подрачје, полициски службеници од СВР Тетово спроведоа акциска контрола за исправност на возилата и поседување на соодветна документација за вршење на организиран превоз на ученици. Притоа, биле констатирани 3 (ГВ) кривични дела по член 284 А од Кривичниот законик и 1 (ГВ) прекршок за неизвршен вонреден технички преглед, како и 2 (ТЕ-1 и ГВ-1) останати прекршоци сторени од автобуси или друго возила со кои се врши јавен превоз на патници.

На 26.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 11 во населено место и 8 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 13 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 10 за непрописно паркирање.

На 26.12.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на булевар „Александар Македонски" во Радовиш, В.М.(50) од Радовиш, управувајќи патничко возило „фолксваген пасат" со радовишки регистарски ознаки, удрило во пешак М.П.(71) од Радовиш. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Радовиш, а увид на местото извршила екипа на Полициската станица Радовиш.

На 26.12.2022 во 14.00 часот во СВР Тетово, Љ.Р.(59) од Тетово пријавил дека на улица „Гоце Делчев" бил каснат од куче скитник.

На 26.12.2022 во 22.20 часот во СВР Тетово, Ф.Ш.(35) од тетовско Сарајкино пријавил дека во селото неговиот малолетен внук бил каснат од куче сопственост на З.К..

На 26.12.2022 во 13.25 часот во Полициската станица Драчево, С.А.К.(60) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" била касната од куче скитник.

Денеска (27.12.2022) во 12.25 часот во нас.Мајаци – Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ш.(24) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (27.12.2022) во 11.05 часот на подрачјето на Шуто Оризари – Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје ја лишиле од слобода Е.Е.(23) од Скопје. Таа била барана по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна од една година за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (27.12.2022) во 14.40 часот на подрачјето на Чаир – Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.О.(39) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело по член 377 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 26.12.2022 во 12.15 часот на ул.„Христијан Карпош" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го привеле Н.Т.(28) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашката материја. По комплетирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против И.Т.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад" по член 230 од Кривичниот законик. На 05.10.2022, полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал и инспектори од Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина извршиле контрола во склад за собирање и складирање на разни видови на метален и други видови на отпад на ул.„Шарпланинска" во општина Ѓорче Петров. Притоа, пријавениот бил затекнат како во моментот неовластено тргува со отпад без да е регистриран во Централен регистар како физичко лице или како трговец поединец и без да поседува Дозвола за вршење дејност за управување со отпад, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, која е должен да ја поседува согласно член 64 од Законот за управување со отпад.

Денеска (27.12.2022)во времето од 10:00-14:00 на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 94 возачи. Од нив 57 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 37 надвор од населено место.

На 26.12.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Штип, К.Ј.(68) од Штип пријавила дека на ул.„Плачковички одреди" во Штип била касната од куче, по нејзино кажување, сопственост на В.Ј..

На 26.12.2022 околу 20.00 часот пред казино на бул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции го лишиле од слобода А.Ѓ.(43) од Скопје, затоа што физичкиот нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2022 во 11.38 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итната медицинска помош Пробиштип било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен А.Б.(45) од с.Бучиште, пробиштипско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во рудник во Пробиштип. Увид на местото извршила екипа од ОВР Пробиштип и се работи на расчистување на случајот.

На 26.12.2022 во ОВР Прилеп, И.Ц.(38) од Прилеп пријавил дека Плоштадот во Прилеп неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против И.Ј.(39) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изработка и употреба на лажна платежна картичка". По периодот од март до октомври 2022 година, пријавениот набавил банкарски податоци од дебитна платежна картичка на неговиот татко, по што преку интернет извршил 39 успешни трансакции кон повеќе домашни правни лица, со што го оштетил за износ од 74.465 денари.

На 26.12.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 20.10 часот на ул.„20", поради меѓусебно нетрпение, З.Р.(42) од Скопје со пиштол испукал куршум и го повредил во ногата неговиот родинка А.Н.(28) од Скопје. А.Н. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2022 во Полициската станица Ресен, С.П.(66) од Ресен пријавила дека на ул. „Иво Лола Рибар" во Ресен била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против М.Н.М.(42) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање на сторител по извршено кривично дело". Пријавената, управител во правно лице од Виница, на 04.10.2021, постапила спротивно на наредба од Основен суд Крива Паланка за одземање на видеозаписи од правното лице, односно не ги дала снимките од видео надзорот, кои биле побарани со цел откривање на пријавено кривично дело. Пријавената изјавила дека поради наводна техничка грешка настанот не бил снимен.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ж.К.(33) од село долно Седларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка". На 16.11.2022, пријавената дошла до платежната картичка на лице од Тетово и ја употребила при купување на производи во повеќе продажни објекти во Тетово. На тој начин таа се стекнала со противправна имотна корист од 5.550 денари, а на штета на сопственикот на картичката.